**<u>ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ</u>**

**НАУЧНО-ИНФОРМАТИВНИ ПОМАГАЛА ЗА**
**АРХИВСКАТА ГРАЃА НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**

# В О Д И Ч

## НИЗ СОДРЖИНАТА НА МИКРОФИЛМУВАНАТА АРХИВСКА ГРАЃА ДОНЕСЕНА ОД РУСКИТЕ АРХИВИ

## ФОНД: "КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА" (1908-1951)

**Подготви**
**Тронда Пејовиќ**

**С к о п ј е, 2001 год.**

# В О В Е Д

## Информација за фондот и фондообразователот

Водичов претставува научно-информативно средство кое нѐ упатува во содржините на архивските материјали што го сочинуваат фондот "Комунистичката Интернационала и Балканската комунистичка федерација за Македонија".

Фондот "КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА (1908-1951) се состои од архивски материјали истражувани во руските архиви Российский центр хранения и изучения документов новейшей истории (Руски центар за чување и проучување на документите од најновата историја) и Институт марксизма-ленинизма при ЦК КПСС - Центральный партийный архив (Институт за марксизам-ленинизам при ЦК на КПСС - Централен партиски архив) што се наоѓаат во Москва. Овие материјали, снимени на 12 микрофилмови со 8.616 микроснимки, се резултат на долгогодишните научни истражувања на Спиридон Благоев во архивите на поранешниот СССР.

Комунистичката Интернационала (Коминтерната) е формирана со цел да се обедини пролетаријатот од сите земји за борба против империјализмот. Основачкиот конгрес на Коминтерната е одржан од 2 до 6 март 1919 година во Москва.

Односот на Коминтерната спрема македонското прашање произлегува од Лениновиот принцип за самоопределување до отцепување. Колку таа му посветувала внимание на националното прашање се гледа уште од Прогласот на Првиот конгрес на Коминтерната упатен до комунистичките партии на Југославија, Бугарија, Грција, Турција и на Романија, во кој решението на националното прашање го гледа во обединувањето на балканските народи во една балканска или балканско-подунавска федерација. На трите следни конгреса (1920-1921) националното прашање на Балканот е редовно на дневен ред. Македонското прашање, како резултат на специфичните настани во македонското револуционерно движење, е предмет на најконкретен интерес

меѓу Четвртиот и Петтиот конгрес (1922-1924). Во тој период Коминтерната директно ќе учествува во контактите со различните струи од македонското националнореволуционерно движење, правејќи напори да го придобие за општа револуција на Балканот, во која ќе биде решено и националното прашање.

Уште поголем интерес спрема националното прашање се забележува на Петтиот конгрес на Коминтерната. Во резолуцијата на овој конгрес за националното прашање посветено му е внимание и на македонското прашање, кое се гледа како "цврст стремеж на македонскиот народ, поделен помеѓу Југославија, Грција и Бугарија, од сите делови на неговата опустошена татковина да создаде обединета и независна Македонија". Во конгресната резолуција од Петтиот конгрес на Коминтерната прифатени се паролите за "обединета независна Македонија" и решително се станува против секаква локална автономија на раскинатите делови на Македонија во рамките на државите- потписнички. Балканската комунистичка федерација е задолжена да ја обедини и насочи работата на комунистичките партии во одделни балкански земји во поглед на националното прашање и другите проблеми на Македонија, и покрај тоа што ставовите на директно заинтересираните балкански комунистички партии во однос на македонското прашање беа мошне противречни.

По Петтиот конгрес македонското прашање и понатаму ќе биде повремено присутно во работата на оваа организација, главно во рамките на дискусиите или критиките на некои ставови за националното прашање, каде што е нагласено дека решавањето на македонското национално прашање не може да се реализира преку плебисцит, туку само со борба.

Балканската комунистичка федерација е сојуз составен од претставниците на комунистичките партии на некои балкански земји: Бугарија, Грција, Југославија и Романија и е формирана на 15 јануари 1920 година на конференцијата во Софија. БКФ е орган на Коминтерната составен од нејзините секции на Балканот. Програмските задачи на БКФ произлегуваат од програмските задачи на Коминетрната, но тие ги одразуваат задачите што требаше да ги извршуваат балканските комунистички партии и кои произлегуваа од специфичната состојба на Балканот. Во програмата на БКФ, меѓу другото, се вели дека само "пролетерската револуција и диктатурата на

пролетаријатот... ќе ги ослободи балканските народи од секакво господство, ќе им помогне слободно да се самоопределат и ќе ги обедини во Балканска советска социјалистичка република".

Центарот на БКФ е во Виена. Одржани се 8 официјални конференции, последната во 1928 година.

Македонското прашање првпат отворено е поставено на Петтата конференција на БКФ одржана во 1922 година во Москва. Во резолуцијата на таа конференција балканските комунистички партии ги разобличуваат завојувачките цели на политиката на српската, бугарската и на грчката буржоазија во однос на Македонија и се залагаат за создавање македонска советска република како составен дел на една балканска социјалистичка федеративна советска република.

Архивските материјали што се содржат во презентираните микрофилмови се однесуваат, пред сè, на историјата на революционерното движење во трите дела на Македонија. Од нив се гледа положбата на Македонците во земјата и во емиграцијата, македонското ослободително движење со сите негови струи и фракции, состојбата и задачите на ВМРО и ВМРО (Об.) во трите дела на Македонија, положбата во балканските земји и комунистички партии, главно во Македонија и во Југославија, како и состојбата на некои балкански ослободителни движења и дејноста на синдикалното и селанското движење. Во документите станува збор за борбата против воено-фашистичкиот режим во Југославија, за апсењата, за политичките процеси и убиства и белиот терор на режимот, за активноста на Црвената помош, за работата на револуционерниот и на комунистичкиот печат. Исто така, во нив е опфатена дејноста на Информбирото против Југославија како и Граѓанската војна во Грција со нејзините последици - организираното раселување на децата-бегалци во источноевропските земји и прифаќањето на борците на ДАГ и нивните семејства од страна на земјите на народната демократија по поразот на Граѓанската војна во Грција. Еден дел документи се однесува на разговорите што се водени меѓу СССР, Англија и САД за поделба на интересните сфери.

Документацијата од овој фонд главно произлегува од работата на Комунистичката Интернационала и Балканската комунистичка федерација. Тука е, пред сè, преписката на Комунистичката Интернационала и Балканската

комунистичка федерација со балканските комунистички партии и движења, потоа имаме резолуции, директиви и решенија на пленуми на Извршниот комитет на Комунистичката Интернациоанала, реферати, резолуции и декларации од конгреси, конференции и советувања, записници од седници, преписка на активисти на комунистичкото движење и на дејци на македонското и на југословенското револуционерно движење.

На крајот на Водичот се приложени регистар на личните имиња и географските поими како и тематски регистар.

## РОССИИСКИЙ ЦЕНТР ХРАНЕНИЯ И ИЗУЧЕНИЯ ДОКУМЕНТОВ НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ - МОСКВА

## РУСКИ ЦЕНТАР ЗА ЧУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА - МОСКВА

## ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА

**МФ: 4439**
**ГОДИНИ: 1926 - 1939**
**СНИМКИ: 850**
**Д.М.: 31**
**ЈАЗИК: руски, германски, француски, бугарски**

**СОДРЖИНА:** Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 495**
**ОПИС: 11**
**ДЕЛО: 152**

**13.05.1930**

- За односот на КИ спрема македонското движење, односот спрема ВМРО воопшто и ВМРО (Об.); сугестии да се избегнуваат досегашните грешки, да се создаде Македонски национален фронт на чело со Национален комитет. (сн. 4)

**ДЕЛО: 360**

**1.07.1939**

- Известување дека сѐ уште нема претставници на КПЈ во ИККИ. (сн. 1)

**ОПИС: 18**

**ДЕЛО: 798**

**17.05.1930**

- За состојбата на национално-револуционерните организации на Балканот: ВМРО (Об.): положба и дејствување во трите дела на Македонија; Добруџанска револуционерна организација (ДРО); Тракиски револуционерен комитет; Комитет за национално ослободување на Албанија (Конаре); Косовски револуционерен комитет; Сојуз на револуционерните селани на Бесарабија; украинска организација "Визволение". (сн. 5)

**19.05.1930**

- За состојбата на КПЈ: организациона положба, внатрепартиска состојба, раководење со борбата на пролетаријатот и селанството. (сн. 6)

**23.05.1930**

- За состојбата на КП Грција: економската и политичката положба на земјата, развиток на комунистичкото движење, национално прашање. (сн. 18)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 1**

**31.07.1926**

- Записници од седниците на Балканскиот секретаријат (Президиум на БКФ) во врска со некои прашања како: синдикалното обединување во Бугарија; прашања на БКП и ГКП; Романската КП. (сн. 4)

**8.10.1926**

- Писмо до сите партиски организации во Грција во врска со промените настанати во политичката положба на Грција: директиви до организациите, предлог-писмо до ЦК на КПГ. (сн. 18)

**6.11.1926**

- Непосредни задачи на БКП за свртување кон работните маси на градот и селото. (сн. 36)

**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 4**

**4.01.1927**

- Записници на Лендерсекретаријатот за Балканот (Президиум на БКФ) во врска со печатот во Турција, Конгресот на романските синдикати, за бегствата на комунисти од затворите и др. (сн. 5)

**17.02.1927**
**16.02.1927**
**8.03.1927**
**14.03.1927**

- Записници од седниците на Балканскиот лендерсекретаријат на ИККИ во врска со положбата во Југославија; работата на КП на Романија; белиот терор во Бугарија; состојбата во Бесарабија; положбата во Бугарија и во Грција. (сн. 46)

**5.04.1927**
**6.04.1927**

- Записници од седниците на Лендерсекретаријатот во врска со опасноста од војна на Балканот и упатства како да се однесуваат балканските комунистички партии во услови на оваа опасност; за можностите за војна меѓу балканските држави поради македонското прашање; предлози и решенија во врска со овој проблем. (сн. 73)

**26.04.1927**
**4.05.1927**
**10.05.1927**

- Записници од седниците на Лендерсекретаријатот со извештај за конференцијата на КПГ; романските синдикати; македонското прашање; изборите во Бугарија. (сн. 73)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 5**

**1.06.1927**
**2.06.1927**

- Записници од седниците на Лендерсекретаријатот во врска со задачите на Романската КП; положбата во КПЈ и др. (сн. 90)

**3.06.1927**

- Записник од седницата на Балканската комисија за: националното прашање во Грција: македонското прашање; односот на балканските буржоазии кон ова прашање; односот на балканските КП; начини за решавање на ова прашање со овозможување на правото на самоопределување. (сн. 13)

**3.06.1927**
**4.06.1927**

- Записници од седниците на Лендерсекретаријатот на кои е разгледувано националното прашање во Грција; дискусии за македонското прашање. (сн. 19)

**31.05.1927**

- За Балканскиот секретаријат на ИККИ како раководно тело на Коминтерната за балканските комунистички партии. (стр. 4)

**17.06.1927**
**23.06.1927**

- Записници од седниците на Балканскиот лендерсекретаријат - дискусии и решенија околу парламентарните избори во Романија; положбата во Југославија - развитокот на работничкото движење пред изборите, економската, политичката и друга состојба. (сн. 20)

**25.06.1927**

- За задачите на КП на Бугарија и КП на Романија. (сн. 8)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 6**

**26.09.1927**

- Записници од седниците на Балканскиот лендерсекретаријат за: положбата во Југословенскиот сектор на КУНМЗ; за положбата во Грција. (сн. 12)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 7**

**31.05.1927**

- Записник од проширеното балканско советување на тема "Борбата против воената опасност" - реферати, дискусии. (сн. 114)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 40**

- За заканата од војна против СССР; состојбата во Егејска Македонија. (сн. 2)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 44**

**27.08.1931**
**7.09.1931**

- Извештај за состојбата на национално-револуционерните организации во Балканскиот комитет; дејноста на КПЈ по национална линија: дејноста на БКФ како раководно тело на Балканскиот револуционерен центар; информација за движењето во Косово. (сн. 25)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 91**

**4.01.1930**

- Изјава на Х. Кабакчиев во врска со некои негови грешки за време на Септемврискомо востание во 1928 година. (сн. 10)

**4.01.1930**

- За критиката на воведната статија во в. "Комунистичко знаме" во врска со грешките на Работничката партија. (сн. 23)

**6.01.1930**
**18.01.1930**
**10.02.1930**

- Расправии на некои членови на ИККИ за фракционерските појави во БКП; за превратот на генерал Женев во 1925 година и др. (сн. 48)

**17.02.1930**

- За внатрепартиските односи во БКП и кризата во раководењето на оваа партија; предлог до партискиот конгрес за пополнување на ЦК на БКП. (сн. 16)

**18.02.1930**

- Ставови на Г. Димитров во врска со бугарското прашање: решенија на II партиска конференција (1928 г.); елиминирање на опортунистичките елементи; пополнување и зацврстување на партиското раководство во земјата; решенија на ИККИ во врска со положбата во Бугарија. (сн. 32)

**24.02.1930**
**13.03.1930**
**13.04.1930**

- Борба меѓу разни струи во БКП: Коларов-Димитров и Искров-Сашо; организирање кружок од страна на Искров и Сашо; критика на ставовите на Кабакчиев во однос на историјата на БКП; прашањето на другарот Марко. (сн. 27)

**17.05.1930**

- Ставови на Коларов во врска со некои критички забелешки на Антонов во однос на основните решенија на БКП и некои решенија на ИККИ. (сн. 42)

**18.05.1930**

- Погледи на Кабакчиев во врска со критиката на некои негови ставови во брошурата "Комунистичките партии на балканските земји". (сн. 20)

**28.06.1930**
**25.07.1930**
**23.08.1930**

- Предлози на способни и проверени лица за членови на ЦК и политбирото на ЦК на БКП. (сн. 4)

- Известување на Јанко Панков за некои негови сомневања за провокаторска дејност на Младен Стојанов. (сн. 6)

**РОССИЙСКИЙ ЦЕНТР ХРАНЕНИЯ И ИЗУЧЕНИЯ ДОКУМЕНТОВ НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ - МОСКВА**

**РУСКИ ЦЕНТАР ЗА ЧУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА - МОСКВА**

**ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА**

**МФ: 4440**
**ГОДИНИ: 1924-1942**
**СНИМКИ: 962**
**Д.М.: 37,90**
**ЈАЗИК:** руски, бугарски, германски, српски, француски

**СОДРЖИНА:** Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 495**
**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 92**

**2.01.1930**
**5.03.1930**
**16.03.1930**

- Состојбата на БКП: мерки за зајакнување и стегање на партијата; задачи за подобрување на состојбата; составот и дејноста на БКП; работата на БКП во национално-революционерното движење; организациона структура на партијата; податоци за отпечатените нелегални материјали; спор околу членувањето на Марко во ЦК на БКП. (сн. 48)

**20.04.1930**

- Извештаи на ЦК на БКП за состојбата во партијата од ноември 1929 до март 1930 година и резолуции во врска со нив. (сн. 43)

**12.11.1930**

- Информација до ЗБ и ЦКИ за: одбележувањсето на 1 август; организирањето и спроведувањето на штрајкови; за борбата против левите и десните отклонувања; за работата во синдикатите и на село; за положбата на ЦК и партијата во земјата и за зајакнување на врските со ЗБ и ЦКИ и др. (сн. 80)

**20.08.1930**

- За поврзувањето на манифестациите за 1 август со резолуциите на Општиот работнички конгрес; за статијата "Против бегството од работата со масите". (сн. 6)

**12.11.1930**

- За конгресот на бугарската Социјалдемократска партија. (сн. 2)

**24.09.1930**
**2.12.1930**
**12.10.1930**

- Податоци за членовите на БКП: бројот, составот, организационата состојба, бројот на членови по окрузи и ќелии; социјалниот состав; политичката дејност. (сн. 17)

**18.01.1931**
**13.11.1930**
**13.12.1930**
**20.12.1930**

- За резолуцијата на ИККИ во врска со дејноста на БКП; за одржувањето на пленумот на ЦК; за резултатите од последните избори; таблица за организационата состојба на БКП по извештаите на ЦК; решение пленумот на ЦК да се одржи во земјата и да започнат подготовките за одржување на конгрес. (сн. 25)

**5.12.1930**

- До III пленум на ЦК на БКП за грешките на партијата и нивна критика. (сн. 11)

**18.12.1930**

- За состојбата и недостигот на техничката служба надвор од земјата; за некои нови методи што треба да се применат во задграничната техника; за социјалниот состав на членовите на БКП; за движењето на членовите по окружни организации; за организациониот состав на партијата на крајот на 30-те години. (сн. 7)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 238**

**4.04.1930**
**9.04.1930**
**10.04.1930**

- За состојбата во Југославија и КПЈ: односите со Бугарија и Албанија (Бедри Пејани и Ахмед Зогу); односот на масите спрема КПЈ; партискиот печат: "Класна борба" и "Пролетер", став спрема националното прашање и настаните што сеназираат. (сн. 14)

**13.04.1930**

**18.04.1930**

- За кризата на конспирацијата во Југославија како резултат на зајакнатата реакција; кон прашањето за КПЈ; за масовната работа; кризата на довербата; мерките на владата за зацврстување на своите позиции; диктатурата. (сн. 8)

**23.04.1930**

- Податоци за смртта на Милан Зотавниковиќ, застрелан од комунистите поради провокаторска дејност. (сн. 1)

**26.04.1930**

- Забелешки за дејноста на Тимов во Југославија; развојот на југословенското стопанство; решавањето на аграрното прашање; борбата меѓу српската и хрватската буржоазија; расположението спрема странскиот капитал. (сн. 7)

**април 1930**

- Положбата во Југославија по IV конгрес на Профинтерната: јануарскиот преврат; воено-фашистичката диктатура; забрана на синдикалните организации; формирање културно-просветни и спортски организации; организирање штрајкови; одржување на првата илегална синдикална конференција. (сн. 6)

- Економската и политичката состојба и задачите на КПЈ: за земјоделската криза; безработицата; политичката криза; опасноста од војна; католичката црква; положбата на работничката класа: штрајкови. (сн. 4)

**28.06.1930**

- Забелешки за развитокот на фашизмот во Југославија: почетоци на фашизмот (1918); втора фаза (1923-1929); воведување воена диктатура. (сн. 7)

**18.07.1930**
**2.08.1930**

- Забелешки на илегалец за неговото патување низ Југославија и Бугарија: воспоставување врски во Нови Сад и во Загреб; V конгрес на Профинтерната и неговите подготовки во Бугарија; воспитување на партиски кадри; фракции и врски со партијата и др. (сн. 18)

**25.07.1930**

- За новиот закон за земјоделството; за предлогот на Полска до белградската влада за создавање "аграрен блок"; за југословенско-бугарските трговски договори; за основањето фашистички синдикати и др. (сн. 2)

**20.07.1930**

- Забелешки кон извештајот за Кривиенко: процес поради преминувањето на југословенско-австриската граница; обиди за бегство од затворот. (сн. 2)

**31.07.1930**
**5.08.1930**
**15.08.1930**
**5.08.1930**
**15.08.1930**

- За југословенско-романските односи; за создавањето сојуз на балканските држави; за создавањето "аграрен блок"; за социјалдемократите и фашистичките синдикати; католичката црква и воено-фашистичката диктатура; германската буржоазија во Југославија и воено-фашистичката диктатура; граѓанските партии во Далмација и воено-фашистичката диктатура. (сн. 8)

**20.08.1930**

- Материјал од Меѓународниот селански совет во Југославија: состојбите во земјоделството; фашизацијата на Југославија; надворешната трговија; социјалфашистите и кралот. (сн. 4)

**1.09.1930**

- Активностите на социјалфашистите; продоротот на францускиот капитал; односите во Бугарија и во Унгарија; градбата на мостот на Дунав. (сн. 4)

**27.09.1930**

- За борбата и задачите на КПЈ: тешкотиите на партијата во борбата против диктатурата на буржоазијата; белиот терор; недостатоците во самата партија. (сн. 5)

**1.11.1930**
**11.11.1930**

- За положбата во Југославија под воената диктатура; ситуацијата во партијата; положбата на комунистите во затворите на БиХ; за кризата во

земјата и безработицата; ставот на народните маси спрема воената диктатура. (сн. 6)

**8.12.1930**
**9.12.1930**

- За состојбите во старите партии: Радикалната, Демократската, Партијата на Радиќ; Прибичевиќ; Словенската клерикална партија; Социјалистичката партија. (сн. 12)

**13.12.1930**

- Организационата положба на КПЈ; "Пролетер" и "Класна борба" - органи на КПЈ; задачи, односот спрема диктатурата, спрема националното прашање; организационите прашања. (сн. 7)
- За карактерот на претстојната револуција во Југославија: податоци за нивото на развитокот на капитализмот во Југославија; положбата во индустријата, трговијата, шумарството, земјоделството, банкарството; за големината на градовите и населението; за бројноста на работничката класа; програмата на Коминтерната за развиток на процесот на пролетерската револуција во Југославија; за состојбата во селото: феудалните остатоци, состојбата во одделни области од селското стопанство; за колонизацијата во Македонија; за раслојувањето на селанството. (сн. 22)

**1929**

- За стопанската ситуација во Југославија: земјоделство-аграрната реформа; индустријата на памук; состојбата на работничката класа-бројот на наемни работници; пазарот и кредитната политика; трговијата; буџетот; даноците.  (сн. 7)
- Кон 13-та годишнина на руската Револуција: за изградбата на социјализмот во СССР; за кризата во капиталистичкиот свет; за перспективите на Коминтерната. (сн. 3)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 254**

**26.01.1932**
**14.02.1932**

- Преписка на Балканскиот лендерсекретаријат со ЦК на КПЈ во врска со некои тековни проблеми. (сн. 4)

**29.02.1932**

- Писма до ЦК на КПЈ во врска со носењето оружје и неговата употреба при акциите од страна на илегалните партиски работници. (сн. 4)

**23.04.1932**

- Отворено писмо до КПЈ: за револуционизирањето на работниците, за кризата во раководењето на партијата по убиството на Ѓ. Ѓаковиќ; за воено-фашистичката диктатура и теророт во земјата: за паролата за оружено востание; за борбата на партијата со "десните" и "левите" опортунисти; за борбата за советска револуција во Југославија. (сн. 56)

**2.07.1932**
**21.07.1932**
**10.08.1932**

- За борбата за национално ослободување на потиснатите нации во БиХ и Далмација; за подготовките за конференција што ќе се одржи во ноември; за некои договори во врска со дејноста на партијата; за доаѓањето на г-ѓа Кирш. (сн. 26)

**9.10.1932**
**15.10.1932**

- За решенијата на XII пленум на ИККИ; задачите за популаризација и спроведување во дело на овие решенија; за активностите на партијата и отстранувањето на недостатоците. (сн. 16)

**4.11.1932**

- Директиви за национално-революционерно движење; за мерките преземени во врска со овие директиви; согласност за 12 предложени лица. (сн. 11)

**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 266**

**4.09.1934**

- Првобитна проект-резолуција за селското и националното прашање: услови за успех на селското и националноослободителното движење; пречки и недостатоци во работата околу селското и национал-револуционерното движење; задачи на партијата во целина и на секоја организација одделно за отстранување на недостатоците. (сн. 10)

**4.09.1934**

- Првобитна проект-резолуција за работата на синдикатите: борба за самостојно и единствено синдикално организирање, за слободно дејствување; организирање на дејноста на безработните. (сн. 8)

**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 268**

**6.01.1934**

- За вонредниот конгрес на Реформскиот сојуз на железничарите на Југославија: за легализација на синдикатите и борба против навлегувањето на фашистичките синдикати; решенија за потребите во врска со состојбата на железничарските работници. (сн. 3)

**9.02.1934**

- За вонредниот конгрес на полиграфските работници на Југославија: за проблемите во полиграфската дејност; директиви на ИК на Сојузот; предлог за реорганизација на Сојузот; одлуки на Конгресот.
(сн. 9)

**25.03.1934**

- Повик на КПЈ до селанството и полупролетаријатот: за положбата на работните маси на село; бесправие, терор, национално угнетување; неопходност од сојуз на работничката класа со селанството за укинување на воено-фашистичката диктатура и против империјалистичката војна; борба за земја, против глад, експлоатација, терор, национално угнетување и војна. (сн. 6)

**26.04.1934**

- Социјалфашизмот во Југославија: создавањето на Социјалистичката партија на Југославија; создавањето на КПЈ и Независниот синдикат; фракциска борба во КПЈ; историја на создавањето на социјалфашизмот во Југославија. (сн. 7)

**5.05.1934**
**14.05.1934**

- За кадрите и кадровската политика во КПЈ: уништување на кадрите преку провали:

- провали во Сплит, Словенија, Загреб; за состојбата и дејноста на КПЈ; борба против фракционерството, против воено-фашистичката диктатура; масовни апсења и ликвидирање на партиските кадри; чистка во редовите на раководството; резолуција на Коминтерната за задачите на КПЈ (1932); зајакнување на партијата. (сн. 14)

**10.05.1934**

- Економската положба во Југославија: аграрната криза; индустриската криза; создавањето и политиката на воено-фашистичката диктатура; осиромашувањето на широките народни маси. (сн. 7, 8)

**3.11.1934**

- За незадоволствата во југословенската воена морнарица; за набавувањето марксистичка литература и организирањето илегална работа; за улогата на руската бела емиграција. (сн. 11)

**28.11.1934**

- Положбата во Југославија по атентатот во Марсеј: создавање на регентски совет; хрватското усташко движење; југословенската социјалдемократија; влијанието на КПЈ; ставот на КП на Италија и КП на Југославија по словенечкото прашање; правото на самоопределување до отцепување; приходите на југословенската секција во 1934/35 год. (сн. 16)

**ОПИС: 70**

**ДЕЛО: 34**

- Националното прашање на Балканот: Југославија - создавањето на Југославија; национално-ослободителната борба на Србија; создавањето на Хрватите како нација; националниот состав на Хрватска и Далмација; создавањето на словенечката нација и националниот состав на Словенија; националниот состав на Црна Гора; БиХ - историскиот развој и националниот состав; Војводина: националниот состав; Македонија - историскиот развој и националниот состав; создавањето на СХС; националното прашање во Југославија; задачите на КПЈ. (сн. 17)

**ОПИС: 70**

**ДЕЛО: 91**

**22.09.1933**
**15.10 -24.10.1933**
**21.12 - 14.12.1933**
**14.02.1934**

- Преписка меѓу ЦК на КПЈ и илегален член (Алекса) испратен во Македонија во врска со: изборите за Облком и Облконф.; организирањето на МК и привремен ОК за Македонија и ОК во Ниш; бројниот состав на партијата и младината; врските со другите градови во Македонија; создавањето партиски ќелии; за работата по национална линија: за обновувањето на ВМРО(Об.); за борбата против денационализаторската политика на српската власт; за борбата против националфашистите; за дејноста на "михајловистите" и "протогеровистите" и други тековни проблеми. (сн. 12)

**ОПИС: 74**

**ДЕЛО: 73**

**13.11.1938**

- Ѓ. Димитров го известува Ежов за испратените материјали (меѓу кои и за Г. В. Петров). (сн. 1)

**ОПИС: 74**
**ДЕЛО: 77**

**20.03.1940**
**10.05.1940**
**8.05.1940**
**3.07.1940**

- Препораки од партиски раководители за Г. Белов да биде примен во членството на ВКП(б) и на Г. Петров да му се даде соодветна партиска работа. (сн. 6)

- Список на 122 бугарски политички емигранти уапсени од НКВД со податоци за нивната партиска дејност и барање да се преиспита обвинението. (сн. 41)

**ОПИС: 74**

**ДЕЛО: 84**

**15.04.1940**

- Писмо на Г. Димитров до Сталин во врска со состојбата во Бугарија по склучувањето сојуз со фашистичка Германија: за состојбата во Македонија; за односот на македонското население спрема бугарските окупаторски власти; за ширењето на комунистичкото движење во Македонија; за дејноста на И. Михајлов; за активноста на БКП против вовлекувањето на Бугарија во војна со Советска Русија. (сн. 4)

**ФОНД: 509**

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 2**

- За политичката и економската положба во Грција: економска положба - земјоделство, индустрија, увоз, позајмици; политичка положба - политички партии, појава на КПГ, работничко движење-синдикати, комунистичко движење. (сн. 11)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 44**

**6.04.1924**

- Т. Паница за револуционерното федеративно движење во Македонија: Серската организација на ВМОРО; идејата за автономија на Македонија; создавањето на Народната федеративна партија; Серската група и врховистите во Балканските и во Првата светска војна; комунистичкото движење и идејата за федерализам на Балканот. (сн. 7)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 50**

**6.01.1924**

- Известување до ЦК на КПГ дека се испраќа записник од седницата од 3.01.; циркуларно писмо до БКП, КПЈ, КПР и КПГ; заклучоци за понатамошна изградба на единствениот револуционерен фронт. (сн. 5)

**24.12.1924**

- Известување на Виктор Рихард за решението на Президиумот во врска со Унионот и формирањето шесторки. (сн. 1)
- Апел од Презид. на БКФ да се распушти групата "Унион комунист" и нејзините членови да се вратат во редовите на КПГ. (сн. 2)

**7.12.1924**

- До ЦК на КПГ, КПЈ, КПР и КПГ во врска со претстојното заседание на ИК. (сн. 2)

**13.01.1924**

- Протест на македонското благотворително друштво "Г. Делчев", културно просветното друштво "Илинден" и др. против тешката положба на Македонците во трите дела на Македонија; барање да се реши македонското прашање со создавање независна македонска држава како основа за идната балканска федерација. (сн. 2)

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 72**

**30.09.1925**
**11.10.1925**

- Записници од седниците на основачката конференција на дејците на македонските организации и групи: за положбата на Македонците во земјата и во емиграција; за меѓународната положба на Македонија: за организационата поставеност на групите; за односите меѓу групите, друштвата и лицата од македонското движење; за односот спрема КП; донесени резолуции: за положбата на Македонија и македонското прашање; за организацијата и задачите на ВМРО(Об) и др. (сн. 85)

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 44**

**4.01.1924**

- Записници од седниците на Президиумот на БКФ: решенија по извештаите за положбата во Грција, Бугарија, Југославија; решенија во врска со македонското, бугарското прашање, селанското прашање; дискусии за составот на Секретаријатот; за распределбата на работата на Президиумот; за определување делегати и др. (сн. 11)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 41**

**22.07.1924**

- Седма балканска комунистичка конференција: анализа на положбата во балканските земји; положбата, задачите и дејствувањето на одделните КП на Балканот; резолуции за положбата на Балканот и непосредните задачи на КПЈ, КПР, КПБ; резолуција за македонското и тракиското прашање; историја на македонското револуционерно движење, борбата на народите на Тракија за независност; резолуција за селанското прашање; статут на Комунистичката балканска вспомагателна група при Московскиот комитет на РКП - задачи, права, обврски; резолуција на БКК по МОПР и политичката емиграција; проект на протест во врска со прашањето на теророт во Југославија и завојувачките стремежи на бугарската буржоазија во однос на Македонија. (сн. 41)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 123$^{а}$**

**декември 1929**

- Апел на ИБ на БКФ за поддршка и помош на штрајкот на петролејските, електричарските и трамвајските работници во Атина; апел на ИБ на БКФ да се поведе кампања против растурањето на УОСС (Унитарен општ синдикален сојуз) во Грција. (сн. 2)

**ОПИС: 6**
**ДЕЛО: 144**

**7.01.1930**

- Записник на ЦК на БКП: решенија за избор на ЦК; подготовка на конгресот: давање материјална помош на дејци. (сн. 4)

**19.04.1930**

- Записник од седницата на ВМРО(Об.) со решение кон оваа организација да се приклучи движењето на Горџиков како блиско на идеите на ВМРО(Об.). (сн. 2)

**17.09.1930**
**11.10.1930**

- Предмет во врска со решението на ЦК на ВМРО(Об.) да се одобрат средства за издршка на семејството на Тодор Паница. (сн. 4)

**14.09.1930**

- Записник од средбата во Цариград меѓу претставници на ВМРО(Об.) и претставници на македонски националнореволуционерни групи и дејци со националнореволуционерна ориентација со договор за обединување. (сн. 2)

**26.10.1928**

- До членовите на ЦК на ВМРО(Об.) и претставниците на ССР, БКП и БКФ во врска со некои недоразбирања меѓу ЦК на ВМРО(Об.) и ОК на 3-та област. (сн. 4)

**2.11.1930**

- Записник за конституирањето на Времено биро на ВМРО(Об.) во Бугарија. (сн. 1)

**28.11.1930**

- Записник во врска со изборот членови за ВБ на ВМРО(Об.). (сн. 1)
- Писмо на д-р Атанасов до ЦК на ВМРО(Об.) за целите на народноослободителната борба на македонскиот народ. (сн. 3)

**декември 1930**

- Информација од ЦК и Задграничното претставништво на ВМРО(Об.) за терористичката дејност на групата на Иван Михајлов. (сн. 2)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 150**

**21.01.1931**

- Писмо до БКФ со барање да се преземат мерки против фракциските борби меѓу комунистите во Грција. (сн. 1)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 164**

**1.01.1933**

- Информација на В. Василев до Балканскиот револуционерен центар за прашањето на подготовка на кадри во СССР од емигрантите од трите дела на Македонија, од политичката и економската македонска емиграција и од студенти во капиталистичките земји; за прашањето на врските на ВМРО(Об.) со соодветните комунистички партии на Балканот; за буџетските средства на ВМРО(Об.). (сн. 7)

**17.03.1933**

- Писмо на илегален партиски деец во врска со илегалната работа, акциите на македонските фашисти од ВМРО, неговото заминување во странство. (сн. 10)

**26.04.1933**

- Причините за провалата на Кавракиров: разоткривање и ликвидирање на членовите на организацијата од страна на михајловистите: положбата на македонската емиграција во Стара Бугарија; БКП и македонскиот фашизам; ВМРО(Об.), протогеровистите и михајловистите; печатената пропаганда на обединетата организација; дејноста на организацијата од јуни 1932 до февруари 1933. (сн. 9)

**19.06.1933**

- Писмо на Василев за состојбата по прекинувањето на врските со Балканскиот револуционерен центар; недостиг на средства за работата на организацијата; престанување со печатењето на "Македонско знаме" и "Студентска трибуна". (сн. 2)

**16.09.1933**

- Писмо до ЦК на БКП од Рашко за масовните убиства; барање средства за илегална работа. (сн. 1)

**28.12.1933**

- За работата на ВМРО(Об.) во Бугарија: успешна работа; недостиг на средства. (сн. 1)

**23.10.1933**

- Писмо на В. Василев до Балкансксиот револуционерен центар во врска со организационите и политичките проблеми на децентрализацијата во македонското националноослободително движење и во ВМРО за трите делови на Македонија. (сн. 3)

- Обраќање до Македонците за улогата на ВМРО(Об.) како единствена вистинска националнореволуционерна организација на македонскиот народ, за разлика од фашистичката ВМРО со нејзините 2 крила: михајловистите и шандановистите. (сн. 2)

**21.12.1933**

- За организационите прашања на ВМРО(Об.): оценка на организационата состојба на ВМРО(Об.): слабостите и недостатоците; организационите задачи на ВМРО(Об.) во Бугарија, Југославија, Грција; задачите на комунистичките партии во однос на ВМРО(Об.). (сн. 15)

**јуни 1932**

- Повик на ИБ на Општиот комитет на емигрантските национално-ослободителни организации на протестен собир поради убивањето на

македонските револуционери од прогресивното македонско движење од страна на бандата на Михајлов. (сн. 1)

**"МАКЕДОНСКО ЗНАМЕ"**

**бр. 12; 28.01.1933**

- Орган на македонската прогресивна емиграција.
- За убиството на Х. Трајков и обидот за убиство на А. Мартулков; протести против крвопролевањето меѓу Македонците; извештаи за дејствувањето на македонските братства. (сн. 4)

**бр. 16; 6.11.1933**

- За создавањето сојузи за прераспределба на светот преку војна; за решавањето на националното прашање во Советска Русија; за брошурата "Врховизмот и неговата пропаст"; за местото и улогата на в. "Македонска правда"; за дејноста на михајловистите во делот на Македонија под Србија; платформа на македонската прогресивна младина. (сн. 4)

**бр. 17; 14.12.1933**

- За бегалството како резултат на завојувачката политика на балканските држави; за изјавите на Шанданов во "Македонска правда" во врска со струите во македонското движење; за улогата на врховизмот во подготовките на Балканската војна; за дејствувањето на михајловистите во Мелиничко и Неврокопско; за расцепот во македонското револуционерно движење. (сн. 4)

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 171**

**1934**

- А. Папанастасиу: "Балканската конференција и Балканскиот сојуз" - сумарен извештај од XXX светски мировен конгрес. (француски јазик, сн. 15)

**РОССИЙСКИЙ ЦЕНТР ХРАНЕНИЯ И ИЗУЧЕНИЯ ДОКУМЕНТОВ НОВЕЙШЕЙ ИСТОРИИ - МОСКВА**

**РУСКИ ЦЕНТАР ЗА ЧУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА - МОСКВА**

**ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА**

**МФ: 4441**
**ГОДИНИ: 1927-1933**
**СНИМКИ: 453**
**Д. М.: 17,80**
**ЈАЗИК: руски**
**СОДРЖИНА:** Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 495**
**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 4**

**25.01.1927**
**17.02.1927**

- Записници од седниците на Балканскиот лендерсекретаријат на ИККИ во врска со: положбата во Југославија; романскиот конгрес на унитарните синдикати; кампањата против белиот терор во Бугарија и др. (сн. 5)

**ОПИС: 69**
**ДЕЛО: 5**

**02.06.1927**
**23.06.1927**

- Записници од седниците на БЛС на ИККИ за: положбата на КПЈ; националното прашање во ГКП; обиди за основање легална романска партија. (сн. 23)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 6**

**21.07.1927**
**27.09.1927**
**18.10.1927**

- Записници од седниците на БЛС: за положбата во Југославија и во Бугарија; за предлогот за заедничко дејствување на балканските комунистички партии; за некои конфликти во КПЈ; за независниот синдикат во Југославија; за писмото до КПГ; за понатамошната линија на КПЈ; за положбата во Грција и др. (сн. 44)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 17**

**15.01.1929**

- Записници од седниците на БЛС во врска со настаните во Југославија: апел до работниците и селаните на целиот свет; задачи на КПЈ во врска со превратот во Југославија и воведувањето воена диктатура; романското прашање. (сн. 36)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 19**

**24.10.1929**

- Записник од седницата на БЛС: заклучоци и решенија во врска со меѓународната кампања против теророт во Југославија. (сн. 2)

**ОПИС: 6**

**ДЕЛО: 21**

**27.12.1929**
**29.12.1929**
**31.12.1929**

- Записници од седниците на БЛС: дискусии во врска со југословенското прашање: политичката положба во земјата; дејноста на партијата; дејноста на синдикатите; економските и политичките штрајкови; резултатите на диктатурата; односите со Италија, Албанија, Бугарија и со Австрија; дејноста на партиите на франковиститите; Павелиќ, Радиќ, Михајлов; положбата во Македонија; задачите на партијата; карактерот на претстојната револуција; Ленин за Македонија. (сн. 276)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 22**

**12.07.1929**

- Дискусии од советувањето на Балканскиот секретаријат: за работата на Балканската федерација; за работата на партиите во нелегални услови; за карактерот на револуцијата на Балканот; за синдикалното движење на Балканот и организирањето штрајкови; за појавата на социјалфашизмот во балканските земји; за поврзувањето на селанството со пролетаријатот; за опасноста од војна на Балканот; за националното и селанското прашање; за понатамошната работа на Балканскиот секретаријат. (сн. 44)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО : 26**

**18.01.1929**

- Писмо на В. Вуиќ до ИККИ во врска со положбата во Југославија по воведувањето на диктатурата; барање дозвола за реорганизација на Политбирото; барање средства за отворање илегална типографија и за продолжување на работата на партијата во илегални услови. (сн. 4)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 56**

**20.12.1933**
**22.12.1933**
**26.12.1933**

- Записници од седниците на Бирото на БЛС: распоред на работата во врска со македонското, словенечкото, југословенското, романското и грчкото прашање; проект на апел во врска со односот на ВМРО(Об.) кон шандановистите; одобрување на паролите за единствена и самостојна Македонија и за балканска федерација и др. (сн. 6)

**ОПИС: 69**

**ДЕЛО: 40**

**20.03.1931**

- Дискусии од Советувањето по националното прашање на Балканот: правото на нациите на самоопределување до отцепување (Ленин); македонските националнореволуционерни организации и националното прашање; програмата на минимум: јазична и културна слобода, политичка слобода, рамноправност и решавање на селанското прашање. (сн. 3)

**РОССИ ЙСКИЙ ЦЕНТР ХРАНЕНИЯ И ИЗУЧЕНИЯ ДОКУМЕНТОВ НОВЕ ЙШЕЙ ИСТОРИИ - МОСКВА**

**РУСКИ ЦЕНТАР ЗА ЧУВАЊЕ И ПРОУЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА - МОСКВА**

**ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА**

**МФ:** **4442**
**ГОДИНИ: 1931**
**СНИМКИ: 435**
**Д.М.:** **16,80**
**ЈАЗИК:** **руски**

**СОДРЖИНА:** Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 495**
**ОПИС: 169**
**ДЕЛО: 71**

**02.04.1931**

- Реферати од седниците на XI Пленум на ИККИ: за состојбата во Југославија по воведувањето на воено-фашистичката диктатура; продлабочување на економската криза; паѓање на цената на земјоделските и индустриските производи; создавање залихи; податоци за намалувањето на производството на разни стоки; зголемување на безработицата; паѓање на стандардот; заострување на националното прашање, ширење на белиот терор; организирање штрајкови; ширење на революционерното движење на село; борба против фашистичката диктатура. (сн. 17)

- Оценка на светската положба и задачите на комунистичките партии; револуционерна криза во борбата против фашизмот и социјалдемократијата; пароли за врбување на мнозинството од работничката класа; за барање сојузници меѓу селскиот пролетаријат и градското ситнобуржуаско население; работа меѓу сиромашните чиновнички слоеви (сн. 35)

- Револуционерното движење и економската криза; економската и политичката борба на пролетаријатот; синдикалното движење во европските земји, САД, Кина и Индија; ширење на масовно револуционерно движење во услови на економска криза. (сн. 30)

**ОПИС: 18**

**ДЕЛО: 875**

**08.02.1931**
**20.02.1931**
**01.03.1931**
**20.03.1931**
**03.04.1931**

- Советување во врска со националното прашање на Балканот-реферати и дискусии: националното прашање во Југославија; меѓубалканските врски и односи и меѓународниот империјализам; одзивот на движењето на угнетените нации кај широките маси на угнетувачките нации; проникнувањето на комунистичките партии и нивните методи на работа во национално-револуционерните организации; односот на националното и аграрното прашање; соработка со Коминтерната; разработка на конкретните национални прашања со секоја земја одделно.

- Националното прашање во СССР; националното прашање во врска со општите прашања на балканската реалност: социјал-економската структура на балканските земји; националнореволуционерното и национално селанското движење; националното прашање и империјализмот; националното прашање и задачите на комунистичките партии; разликата меѓу националните малцинства и угнетените нации; националното ослободување на угнетените нации и повторно доброволно обединување; односот на буржоазијата на владејачката нација спрема националното прашање; односот на буржоазијата на потчинетата

нација спрема националното прашање; правото на Македонците на независна и обединета Македонија; идејата за балканска федерација.

- Дискусии за карактерот на претстојната револуција: буржоаско-демократска или социјалистичка; прашањето за колонистите; карактерот на националното прашање; актуелноста на поставувањето на националното прашање во комунистичките партии; поделба на земјите според нивниот однос спрема пролетерската револуција; парола за обединета и независна Македонија; парола за балканска федерација. Заклучоци: да се подготват статии по националното прашање со инструкции за одделни земји и области; да се изработи проект за платформа на дејствувањето.

- Индиското прашање: положба; национално прашање; задачи на КП; кинеското движење; КП на Кина; националното прашање кај угнетените народи на Европа - фламандското прашање; прашањето на Елзас и Лотар. (сн. 352)

**ИНСТИТУТ МАРКСИЗМА-ЛЕНИНИЗМА ПРИ ЦК КПСС**
**- ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ПАРТИЙНЫЙ АРХИВ**

**ИНСТИТУТ ЗА МАРКСИЗАМ-ЛЕНИНИЗАМ ПРИ ЦК на КПСС**
**- ЦЕНТРАЛЕН ПАРТИСКИ АРХИВ**

**ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И**
**БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**ЗА МАКЕДОНИЈА**

**МФ: 4443**
**ГОДИНИ: 1923-1929**
**СНИМКИ: 775**
**МЕТРИ: 31,75**
**ЈАЗИК: руски, бугарски, германски, француски и др.**

**СОДРЖИНА:** Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 509**
**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 2**

- Политичката и економската положба на Грција - економската положба: статистички податоци за бројот на населението, на наемните работници, индустриските претпријатија и бројот на работниците во нив; учеството на странскиот капитал; меѓународната финансиска контрола на грчките финансии; - политичка положба; политички партии-комунистичка и неколку крупни буржоаски; надворешна политика - зависност од странскиот капитал; работничко движење - синдикално движење; II сеелински работнички конгрес; податоци за бројот на членовите на синдикатот по дејности; бројот и распоредот на берзите на трудот; синдикалниот печат; комунистичко движење -

основање на Социјалистичката партија на Грција; приклучување на партијата кон Комунистичката интернационала (1920); промена на името; Социјалистичка работничка партија; организациона состојба на партијата; партиски печат. (сн. 12)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 4**

- Резолуција прифатена на II конференција на Балканската Комунистичка Федерација: за резултатите од империјалистичката војна; подем на револуционерните снаги; победа на пролетерската револуција во Русија; поделба на светот на 2 лагера - револуционерен пролетаријат и империјалистичка буржоазија; создавање на Малата антанта за борба против СССР; национално разединување и поробување на балканските народи; националистичка политика на буржоазиите на балканско-дунавските земји; обединување на балканските комунистички партии во Балканска Комунистичка Федерација; зголемување на бројот на гласовите за комунистите на изборите во Бугарија, Југославија и во Грција; задачи на БКФ: да создаде централно раководство и јака централистичка и дисциплинирана организација со автономија на партиите што влегуваат во нејзиниот состав и со директни односи со Комунистичката интернационала. (сн. 6)

**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 9**

- Резолуција на IV-та конференција на БКФ во врска со положбата на Балканот: економската и финансиската криза на Балканот; финансиската и политичката зависност на балканските земји; положбата во Романија, Југославија, Грција, Бугарија; националистичката политика на балканските буржоазии; договор меѓу новите дунавски и балкански држави настанат по распаѓањето на Хабзбуршката монархија; насилства и терор против членовите на комунистичките партии на Балканот; задачи на БКФ; да ја организира и води борбата на масите против буржоазијата; за намалување на експлоатацијата на работниците; за укинување на империјалистичките договори, воени долгови и репарации; за разоружување на балканските и други капиталистички држави; за

амнестија на жртвите на буржоаската реакција; за укинување на сите закони против комунистичките партии и работничките организации; против национализмот, империјализмот и милитаризмот на балканските држави и за обединување на балканските народи во една балканска република. (сн. 12)

- Претстојните задачи на балканските комунистички партии: Романската комунистичка партија да ги реконструира партиските организации, да ги оспособи за масовни акции, да го сочува синдикалното единство и да се приклучи кон КИ; КПЈ во услови на противкомунистичкиот режим и белиот терор да создава здрава организација, да ги надмине конфликтите и различните погледи; КПГ да создаде свои секции во сите градови и села; да го зголеми бројот на членовите; да создаде заеднички фронт со Конференцијата на трудот и др. пролетерски организации; БКП - да се прошири и стабилизира комунистичкото движење, да се зголеми бројот на синдикалните организации; да се прошири комунистичкото движење во Цариград преку ширење комунистичка пропаганда преку печатени брошури на турски јазик; да се засили младинското движење во балканските земји, да се формираат младински сојузи; да се засили активноста на жените на Балканот; да се засилат изворите на финансиски средства за партиски потреби. (сн. 5)

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 11**

- Положбата на Балканот - извештај од V балканска комунистичка конференција: поразот на Грција против Турција и задачите на КПГ; Турција и прашањето на Тракија; завојувачката политика на балканските буржоазии спрема Тракија; Лозанската конференција; различните империјалистички интереси на Англија и Франција во Турција; националното движење во Југославија и другите балкански држави; незадоволството во Македонија, Војводина и во Хрватска од политиката на национална асимилација во Југославија; националистичката политика на Грција и Бугарија спрема македонското население; националистичката политика на романската буржоазија. (сн. 8)

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 35**

**10.01 - 22.11.1923**

- Писма на Т. Александров (М. Христов) до Ценков во врска со проблемите на ВМРО и современите настани: за уставот, задачите и тајната работа на друштвото “Илинден”; за ставовите застапени во в. “Илинден”; упатство за прославата на 20-годишнината на Илинденското востание; мислење за престанувањето на печатењето на в. “Илинден”; за прикажувањето филм за четите на ВМРО; обраќање до организацијата “Илинден” по повод написот на в. “Пирин” и др. (сн. 16)

**06.09.1923**

- Т. Александров - “Карактерот на македонското движење” - за неточните и тенденциозни податоци во странскиот печат за политиката и тактиката на ВМРО; за карактерот, составот и целите на Организацијата; за нејзиното немешање во политиката на бугарската влада итн. (сн. 2)

**31.12.1923**

**ФОНД: 534**

**ОПИС: 7**

**ДЕЛО: 631**

**11.03.1926**

- Извештај на Косанчиќ за положбата и движењето на службениците на Југославија; за напорите за обединување на синдикалното движење. (сн. 4)

**27.05.1926**

- Извештај на Лазиќ за положбата на синдикатот во Југославија: бројот на работниците и синдикалните групации; бројот на организации и членови по групации; борбата за синдикално обединување. (сн. 5)

**6.09.1926**

- Стопанската и финансиската криза во Југославија: положбата во полиграфската индустрија; синдикално организирање на работниците; штрајк (ноември 1925); организирање конгрес; формирање централна управа, секции на жени, младина и членови на партија; соработка со ЦРСОЈ. (сн. 9)

**23.06.1926**

- Резолуција на III Конгрес на КПЈ за синдикалната политика на партијата: парола на Црвената интернационала на синдикатите за единствен фронт и организациско единство на синдикалното движење; ГРСЈ (УРСЈ) и Конгресот на обединување; платформа на КПЈ за единство на синдикалното движење; задачи на партијата како фактор за сплотување на пролетаријатот. (сн. 10)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 632**

**25.02.1928**

- Извештај на Бирото на Централната синдикална комисија на КПЈ за распределбата на добиените финансиски средства за потребите на синдикалното движење. (сн. 3)

**18.02.1928**

- Извештај на Драгочевац: Кризата на Независните синдикати на Југославија и принципиелните и тактичките грешки на нејзините водачи: причини за слабостите во синдикатот; главните грешки на синдикалната политика; тактика за единство на синдикалното движење; антипартискиот курс во синдикалниот центар; перспективите за развиток на независните синдикати. (сн. 18)

**27.04.1928**

- Писмо на Божиќ, член на ЦК на ЦРСОЈ, со кое бара да се преземат мерки за редовно испорачување на помошта што ја испраќа синдикалната интернационала. (сн. 2)

**29.04.1928**

- Предлози на Божиќ за измени во резолуцијата за избор на нов президиум на Месниот синдикален совет и утврдување на планот за работа. (сн. 11)

**31.03.1928**

- Говор на југословенската делегација за извештајот на Исполкомот на Синдикалната интернационала: економската криза во Југославија; методите на буржоазијата за решавање на кризата; состојбата во синдикалното движење; реформистичките, автономните и националните сојузи; независниот револуционерен синдикат и неговите недостатоци и задачи. (сн. 4)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 633**

**5. 04. 1929**

-Состојбата и работата на илегалното синдикално движење во Југославија: разидување меѓу ЦСФ ЦРСОЈ и ПБ; решение за ликвидирање на ЦРСОЈ и формирање нова ЦСФ; достигнувања на ЦСФ; барање да се изменат решенијата на ПБ. (сн. 3)

**5. 04. 1929**

-Извештај на ЦСФ за политичката ситуација и задачите на синдикалното движење: работата на ЦСФ и ПБ по државниот удар; целта на државниот удар и улогата на фашистичкото синдикално движење; улогата и задачите на илегалните револуционерни синдикати. (сн. 4)

**9.10.1929**

- Записник од конференцијата на илегалниот револуционерен синдикат: состојбата во синдикатите по јануарскиот преврат; улогата на ЦРСОЈ и работата на ЦСТ; борбите во партијата и нивниот одраз кај синдикатите; меѓународната положба и ситуацијата на Балканот во Југославија; ЦККПЈ и синдикалното прашање; понатамошната работа и задачите на илегалните синдикати. (сн. 19)

**16.12.1929**

- Резолуција за синдикалното прашање прифатена на конференцијата во Белград (7, 8, 10): карактеристика на меѓународната положба; отпорот на работниците во балканските земји; положбата во Југославија по воведувањето на фашистичката диктатура; преговори на ЦРСКЈ со полицијата за легализирање на синдикална конференција; создавање нелегално синдикално движење и негови задачи; борба за легализирање на синдикалното движење. (сн. 4)

**ноември 1929**

- Повик до работничката класа на Југославија: осуда на режимот на воено-фашистичката диктатура; проглас на I конференција на Револуционерните независни синдикати за борба на работниците за своите основни права. (сн. 4)

**6.04.1930**

- Извештај за положбата во Југославија: положбата на народните маси; немаштија, безработица и терор; огорчување против воено-фашистичкиот режим; неможност да се организира масовен отпор; пасивност на жените и младината. (сн. 5)

**6.04.1930**

- Извештај за политичката положба во Југославија по октомврискиот пленум од 1929 година: промена на името на државата и нова административна поделба; распишување на спортските организации и формирање на "Југословенски сокол"; раслојување на политичките партии; дејноста на партијата од октомврискиот пленум до март 1930; работата на Политбирото; задачи за работа на раководните кадри во земјата. (сн. 9)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 634**

**23.03.1931**

- Извештај за положбата во Југославија: отсуство на партиска активност; замирање на синдикалната дејност; директиви за непосредна работа меѓу работниците; симпатии на народот спрема СССР. (сн. 2)

**25.01.1931**

- Положбата во Југославија: политичка, економска и аграрна криза; пасивност на партијата и синдикатите; борба за сплотување на здравите комунистички сили. (сн. 4)

**20-27.09.1931**
**4.10.1931**

- Циркулар до раководните органи и членовите на централното раководство во врска со седницата на раководните органи на Белградската група и членовите на централното раководство. (сн. 3)
- Директива од сите месни организации и членови на КПЈ за зачленување во легалните реформистички синдикати; задачи на комунистите како членови на овие синдикати; организациони форми на револуционерната синдикална опозиција. (сн. 4)

**декември 1932**

- Забелешки на Унгер во врска со информацијата по повод синдикалната директива, неговите ставови за начинот на синдикалното дејствување. (сн. 8)

**10.12.1933**

- Резолуција за спроведување на директивите на ЦК на КПЈ во врска со работата на синдикатите: за положбата на револуционерното синдикално движење; учеството во борбите на работничката класа; пречките во

спорведувањето на линијата на партијата во синдикатите; задачите на револуционерното синдикално движење. (сн. 12)

**ФОНД: 534**

**ОПИС: 7**

**ДЕЛО: 636**

**22.12.1934**

- Платформа на работничкото синдикално движење на Југославија: за начинот на синдикалното организирање; борбата за заштита на положбата и интересите на работничката класа. (сн. 3)

**23.12.1934**

- Писмо на ЦК на КПЈ до сите обласни комитети: препорака на партијата да се применува тактика на единствен фронт; начини за примена на оваа тактика; проблеми во врска со реализирањето на акционото единство на пролетеријатот. (сн. 6)

**29.12.1934**

- Писмо од Синдикалната интернационала до Лазиќ со задача да создаде единствен фронт со социјалдемократските партии и реформистичките синдикати за борба на работничката класа; содржината и начинот на спроведување на оваа задача. (сн. 8)

**ФОНД: 534**

**ОПИС: 7**

**ДЕЛО: 637**

**10.03.1935**

- Решение на ЦК на КПЈ во врска со внатрепартиската дискусија по прашањата на Меѓународниот конгрес на Коминтерната: прашања за кои треба да се дискутира; начинот на дискусиите и неопходниот материјал за нив. (сн. 31)

**10.03.1935**

- Извештај на Цк на КПЈ за примената на тактиката на единствен фронт: примената на оваа тактика меѓу работничките маси; тактиката на единствен фронт меѓу водачите; прашања на единството на синдикалното движење; диференцијации кај реформистичките синдикати; противниците на единствениот фронт; единствениот фронт и изборите; можностите од опасности од оваа тактика. (сн. 10)

**9.10.1935**

- Писмо на Лазиќ во врска со организирањето на синдикалното движење во Далмација: обиди за соработка со УРС-овите синдикати и реформистите; подготовки за издавање весник; конференција на сите постојни синдикални организации. (сн. 5)

**29.10.1935**

- Извештај на ЗОМЕР: за преговорите со Мачек; тактиката на КПЈ по однос на прашањето на изборите за СУЗОР. (сн. 8)

**17.02.1936**

- Извештај на Манојло: влијанието на партијата во синдикатите ОРС и УРС; иницијативи за создавање единствена работничка партија; излегување на в. "Народна волја" и др. леви весници. (сн. 6)

**ФОНД: 535**
**ОПИС: 2**
**ДЕЛО: 189**

- Поздрав до Степан Радиќ од Президиумот на Меѓународниот селански совет по повод неговото доаѓање во Москва. (сн. 2)

- Известување до С. Радиќ дека неговата партија е примена во членството на Селанската интернационала. (сн. 2)

**20.12.1924**

- Обраќање на Селанската интернационала до сите селани на Југославија за создавање блок на селаните и работниците: положбата во Југославија; обиди на властите да ја придобијат Хрватската селанска републиканска партија; парола на Селанската интернационала за создавање единствен фронт на селаните и работниците; формирање изборен блок на селаните и работниците. (сн. 15)

**29.09.1924**
**6.10.1924**
**4.11.1924**
**27.11.1924**

- Писма на Меѓународниот селански совет до Ст. Радиќ и до ЦК на ХРСП во врска со: свикувањето конференција на претставниците на селаните од сите балкански народи; зближувањето на ХРСП со селаните од цела Југославија и од Романија; свикувањето на себалканската селанска конференција во Загреб; иницијативата во Генералниот секретаријат на МСС да има постојан претставник од ХРСП; вклучувањето на Словенечката републиканска селанска партија во единствениот фронт; создавањето на единствен фронт на работниците и селаните за заеднички настап во изборите; за договорот на ХРСП со владата на Давидовиќ и др. (сн. 24)

**20.12.1924**

- Покани од управата на Селанската интернационала упатени до претседателот на Земјоделската партија на Србија Р. Ѓокиќ и директорот на Сојузот на земјоделските задруги на Србија да присуствуваат на Меѓународниот селански совет во Москва што ќе се одржи во февруари 1925 г. (сн. 5)

**20.12.1924**

- Обраќање на Селанската интернационала до сите селани од сите нации во Југославија за создавање единствен блок на селаните и работниците во борбата за освојување на политичката власт во Југославија. (сн. 7)

**21.12.1924**

**31.12.1924**

- Писма на Селанската интернационала до селанецот Јеласка од Далмација, Св. Гребеница од Белград, Препелух од Љубљана и Ст. Радиќ од Загреб нивните партии да се приклучат кон Селанската интернационала и со тоа да ја поддржат партијата на Радиќ. (сн. 6)

**ФОНД: 535**

**ОПИС: 2**

**ДЕЛО: 190**

**26.02.1924**

**27.06.1924**

- Преписка на Ст. Радиќ со Селанската интернационала во Москва: социјалните, економските и политичките услови и можностите хрватското селанство да формира држава; за програмата на ХРСП; целта на ХРСП; за решението на ХРСП да стане член на Селанската интернационала. (сн. 14)

**14.09.1924**

- Говор на Радиќ на годишниот конгрес на ХРСП: за промените во Европа; договор на ХРСП со владата на Давидовиќ; за целите на политиката на ХРСС; за формата на идната држава. (сн. 5)

**ФОНД: 535**

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 191**

**3.01.1925**

- Предлог на Президиумот на Селанската коминтерна Ст. Радиќ од безбедносни причини да се пресели во Москва и оттаму да раководи со партијата. (сн. 3)

**12.01.1925**

- Предлог од МСС до Судската канцеларија во Загреб да се повика Т. Домбал, заменик секретар на Селанската интернационала, да даде докази за наводното склучување договор меѓу Коминтерната и ХРКП и прет. Радиќ. (сн. 2)

**16.01.1925**

- Писмо од др. Станислав, назначен од МСС како свој претставник во Југославија: состојбата во Југославија; ставање на ФРКП надвор од законот; воспоставување врски со Земјоделската демократска партија на Ѓокиќ и Гребенец и Словенечката републиканска селанска партија на Препелух; состојбата на селанското движење во Далмација, Македонија и во Босна; селскостопанското кооперативно движење и револуционерно-националните организации. (сн. 4)

**20.01.1925**

- До селаните од сите националности во Југославија: положбата во Југославија за време на изборите; положбата во Македонија; империјалистичките држави и Балканот; повик на заедничка борба на селаните и работниците против капиталистите и земјопоседниците. (сн. 5)

- Од Меѓународниот селански совет до членовите на ХРКП: препорака да се свика нов конгрес на партијата заради разгледување на положбата настаната по предавството на врвот на партијата на чело со Ст. Радиќ. (сн. 3)

**14.08.1925**

- Од МСС до ЦК на КПЈ: барање да се објави манифестот испратен до српските земјопоседници и да се распространи меѓу широките народни маси. (сн. 2)

**2.09.1925**

- Извештај за положбата во Хрватска по предавството на раководството на ХРСП; депримираност на масите; јакнење на десницата; настојување на левицата да ги придобие дисидентите од ХРСП; партиска резолуција за капитулацијата на ХРСП. (сн. 3)

- Од Меѓународниот селански совет: за фалсификатот на воведниот договор склучен меѓу Коминтерната и ХРСП, распуштањето на партијата и апсењето на водачите. (сн. 3)

**26.05.1925**

- ЦК на Земјоделската партија во Кралството на СХС до МСС: кратка историја на партијата и услови за понатамошна соработка со Меѓународниот селански совет. (сн. 3)

**4.06.1925**

- ГК на Земјоделската партија бара на М. Степановиќ да му се обезбеди школување во Москва за да се оформи како активист на селанското движење и да биде врска меѓу Земјоделската партија и Селанската интернационала. (сн. 2)

**6.06.1925**

- Акт на ГК на Земјоделската партија во врска со подготовката на материјали за претстојниот конгрес. (сн. 1)

**12.06.1925**

- За неопходноста од единство на српското селанство: повик до селаните да се обединат и да го напуштат реакционерниот Земјоделски сојуз. (сн. 2)

**12.06.1925**

- Сојуз на земјоделските друштва: тешката положба на селанецот; потребата од кредити; организирање на селаните во месни земјоделски друштва; положбата на селанката. (сн. 4)

**15.06.1925**

- ГК на Земјоделската партија до МСС: бара поддршка и материјална помош за понатамошен развиток на земјоделското движење во Кралството на СХС. (сн. 3)

- Акт на Главниот одбор на Земјоделската странка на Кралството на СХС до Селанската интернационала во Москва: за обидите за поврзување со Хрватска

селанска странка; за намерата за приклучување кон Селанската интернационала; за контактите со работниците; за материјалните тешкотии на партијата; за тешкотиите со Сојузот на земјоделските задруги и Сојузот на земјоделците и др. (сн. 10)

**2.12.1925**

- Главниот одбор на Земјоделската странка до Селанската интернационала: за материјалната положба на странката; за политичката ситуација во земјата; за Сојузот на земјоделците; за одржувањето на конференцијата на Сојузот на земјоделците. (сн. 6)

**2.12.1925**

- Буџет на приходите и расходите на ГО на Земјоделската странка од 1.12.1925 до 1.05.1926 година. (сн. 4)

**8.12.1925**

- Преписка меѓу партиски активисти во врска со некои проблеми во селанското движење. (сн. 4)

**ФОНД: 535**
**ОПИС: 2**
**ДЕЛО: 192**

**14.01.1926**

- Обраќање на МСС до Президиумот на Конгресот на КПЈ: поздрав до сите делегати; сугестии за создавање при ЦК на партијата одделение за работа во селото; тактика во однос на постојните селански организации; создавање на селански блок и потпирање на левите струи во селанските организации; засилување на мрежата на партиските организации во селото. (сн. 5)

**17.02.1927**

- Во одделението за работа во селото при ЦК на КПЈ: резултати од изборите за обласната самоуправа; создавање леви фракции во партијата на Радиќ; стимулирање на заедничката борба на селаните и работничката класа (сн. 3)

**30.07.1927**

- Положбата во Југославија по воведувањето на воената диктатура: привлекување на ХСС на Радиќ во владата; појава на десно и лево крило во демократското движење; намалување на стопанското производство; антагонизам меѓу Србија, Хрватска и Црна Гора; националнореволуционерното движење во Македонија; организирање на работните маси во единствен фронт (сн. 12)

**ФОНД: 535**
**ОПИС: 2**
**ДЕЛО: 193**

**12.06.1928**

- До ЦК на КПЈ, Оддел за работа на село: нараснување на селанското движење во Југославија; предавство на Радиќ на интересите на селанството; основни барања на селанските маси; сојуз со работничката класа; неопходни мерки по линија на КПЈ и селанското движење. (сн. 12)

**25.05.1928**

- Положбата на селскостопанските работници во Југославија: аграрното прашање; шумарството; лозарството и овоштарството; безработицата; создавање сојуз на селскостопанските работници. (сн. 5)

**1.11.1928**

- Резолуции на VIII конгрес на Сојузот на земјоделците: на политичката секција; организационата секција; економската секција; просветната секција; секцијата за предлози и прашања; законодавно-самоуправната секција. (сн. 9)

**16.11.1928**

- Директиви до партиски активнист за идејно и организационо оформување на левото крило во партијата на Радиќ; за организирање на револуционерната борба на селанството. (сн. 1)

**ФОНД: 535**
**ОПИС: 2**
**ДЕЛО: 194**

**20.12.1930**

- Писмо на Балканскиот лендерсекретаријат до ЦК на КПЈ и СКОЈ за Македонија: за положбата на селанството во услови на аграрна криза; за планираното советување на селанските активисти заради изработка на план за понатамошните активности; за задачите на КПЈ за активирање на селанската младина и жените во село. (сн. 3)

**15.12.1930**

- Селанското движење и нашите задачи: расслојување на селото; стагнирање на дејноста на селанските партии; задачи по линија на Селанската интернационала; создавање на форми на отпор и др. (сн. 15)

**14.08.1921**

- До членовите на ХРКП: упатства на Меѓународниот селански совет во врска со положбата создадена по предавството на Ст. Радиќ да се свика конгрес на партијата за одредување на понатамошна тактика. (сн. 3)

**15.07.1936**

- Извештај за тешката положба во Југославија; настојувања да се легализира и омасови организацијата на ЦП; резултати од акцијата за собирање парични прилози за помош на осудениците и нивните семејства; податоци за бројот на осудениците во Белградскиот суд на Ада во мај и јуни; преминување на активистите во илегалност и др. (сн. 2)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 3**

**ДЕЛО: 1392**

**25.01.1936**

- Писмо на ЦК до затворениците во Митровица: за состојбата во партијата; за радикализмот во борбата на затворениците; за исклучувањето на членови од партијата; за снабденоста со марксистичка литература и др. (сн. 6 + 3, француски и српски јазик)

**17.02.1936**

- Писмо од робијата: резолуции во врска со одлуките на партиската организација во затворот; разјаснување на некои информации за однесувањето на затворениците; за некои промени во раководството; за акциите на затворениците во Лепоглава и др. (сн. 6 + 2, француски и српски јазик)

**10.10.1936**

- Извештај за состојбата на политичките затвореници во Сремска Митровица по август 1935 до заминувањето на управникот Браловиќ и доаѓањето на новиот управник Петровиќ. (сн. 3)

**20.07.1936**

- Извештај за мачењето на словенечките револуционери од страна на загрепската полиција. (сн. 1)

**јануари 1936**

- "Против Главњаче", бр. 1: нов талас на терор во Југославија; амнестиска акција во Франција; вести од Југославија; податоци за пресудите во 1935 година од животот и работата на патронатите. (сн. 12)

**февруари 1936**

- "Против Главњаче", бр. 2: пресуда во врска со марсејскиот атентат; податоци за убиените и мачените политички затвореници во Загреб и во Белград.

- Амнестиската акција во Швајцарија и Франција; активноста на патронатите во Америка; вести од Југославија и од светот. (сн. 14)

**март 1936**

- Билтен на Меѓународната црвена помош: извештаи за новиот бран терор во Југославија; за протестите против идеите на Југословенскиот фашизам, против смртните пресуди; за борбата за основните човекови права; примери за апсење и мачење на припадници на опозиционите политички партии. (сн. 3 германски и норвешки јазик)

**март 1936**

- Изјави на разни политички затвореници за свирепоста на полициските власти; за тортурите вршени врз затворениците; за кривичните постапки против болшевиците. (сн. 12)

- Извештај на делегатот Етјен Милхо, адвокат од Париз за актуелната состојба во Југославија, за посетата на југословенските затвори; податоци за политичките затвореници по партии и години. (сн. 7)

**18.04.1939**

- Итно барање полициските власти да достават списоци на сомнителните лица со точно наведена причина за сомнителноста. (сн. 1)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 20**

**14.12.1932**

- Резолуција за политичката емиграција: задачите на МОПР како меѓународна организација за солидарност и помош на жртвите на белиот терор;

згрижување на политичките емигранти на запад и во СССР; материјално и др. обезбедување на политичките емигранти и нивните семејства. (сн. 9)

**9.12.1932**

- Резолуција за организирање правна помош: заострување на класните спротивности и појава на репресии и бел терор; правната помош како форма на солидарност; мобилизација на масите за поддршка на обвинетите; правни комисии; МОПР и Меѓународната правна асоцијација. (сн. 7)

**2.12.1932**

- Резолуција за помош на жртвите на белиот терор и заштита на политичките затвореници: принципи за давање помош и задачи на секциите во таа област; заштита на политичките затвореници. (сн. 9)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 33**

- Преглед на активностите на Црвената помош за работниците во штрајк (Грчка секција на ЦП) за време на кампањата за Светскиот конгрес на ЦП: заедничка кампања со кампањата за општа амнестија на политичките затвореници; објавување на специјални материјали за конгресот; турнеи на претставници на ЦК на КПГ во Македонија и Ракија. (сн. 3)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 42**

**9.11.1932**

- Известување за утврдувањето на кандидати на КПЈ за конгресот: претставници на КПЈ при ИККИ-Митровиќ и Воронцова. (сн. 1)

**10.11.1932**

- Пријавуање на Т. Михајловиќ како делегат на југословенската секција на МОПР со решавачки глас. (сн. 1)

**9-10.11.1932**

- Анкети со податоци за делегатите за Светскиот конгрес на МОПР: Н. Воронцова, С. Г. Михајловиќ, Г. О. Митровиќ (сн. 7)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 1**

**ДЕЛО: 44**

**31.10.1932**

- Пријавување на претставници на Селанската интернацинала како делегати за Светскиот конгрес на МОПР делегирани од Одделот на ИККИ за работа во селото: Бошковиќ, Дено и Соколовски. (сн. 1)

**9.11.1932**

- Анкета со податоци за делегатот Ф. В. Бошковиќ, делегиран од Селанската интернационала. (сн. 2)

**2.11.1932**

- Пријава на В. Василев, делегат на ВМРО(Об.). (сн. 3)

**1.11.1932**

- Преписка меѓу активисти на ВМРО (Об.): за подготовките на јубилејниот конгрес на Црвената помош; за одредувањето делегат на ВМРО (Об.) за конгресот на ЦП; за излегувањето од печат на 8-от број на "Македонско знаме"; за материјалните тешкотии; за други партиски проблеми. (сн. 3)

**9.11.1932**

- Анкета со податоци на Јордан Анастасов (Бабунов) од Македонија, делегат на конгресот испратен од Антиимперијалистичката лига. (сн. 3)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 68**

**7.04.1927**

- Советување на Секретаријатот со делегациите и балканските претставништва со учество на француска, англиска, американска, белгиска, швајцарска и германска делегација по прашањата за: создавањето балкански комитети; издавањето балкански билтен, прашањето на емигрантите и дозволата за нивната работа; патронатската служба во разни земји; учеството на разни земји во кампањите за амнестија на политичките затвореници. (сн. 5)

**ФОНД: 529**
**ОПИС: 1**
**ДЕЛО: 71**

**1928 год.**

- Воведен збор на Клара Цеткин; дискусии на делегати од разни земји во врска со прашањата: законодавството на преките воени судови против трудбениците и нивните организации; правната практика во политичките процеси и организирањето на одбраната; протест на здружението на бугарските адвокати; вонсудската правда и полицијата. (сн. 93)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 629**

**27-29.01.1923**

- Резолуција за дејствувањето и тактиката на ЦК на синдикатите на Југославија донесена на конференцијата на работничките организации: условите за борба, методите, средствата и организацијата на синдикатите; непосредно дејствување на пролетерските маси и нивните организации; општи и непосредни

задачи; борба за 8-часовен работен ден, за покачување на реалната заработувачка, за организационо единство на синдикатите, борба против реакцијата и др. (сн. 23)

**9.12.1924**

- Извештај до Профинтерната по повод последните потреси во синдикалното движење на Југославија, за состојбата на работите, за деструктивната политика на ЦК и др. (сн. 3, германски јазик)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 629**

**27-29.01.1923**

- Резолуција за дејствувањето и тактиката на ЦК на синдикатите на Југославија донесена на конференцијата на работничките организации: условите за борба, методите, средствата и организацијата на синдикатите; непосредно дејствување на пролетерските маси и нивните организации; општи и непосредни задачи; борба за 8-часовен работен ден, за покачување на реалната заработувачка, за организационо единство на синдикатите, борба против реакцијата и др. (сн. 23)

**9.12.1924**

- Извештај до Профинтерната по повод последните потреси во синдикалното движење на Југославија, за состојбата на работите, за деструктивната политика на ЦК и др. (сн. 3, германски јазик)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 629**

**9.12.1924**

- Извештај до Профинтерната за состојбата во синдикалното движење на Југославија, за деструктивната политика на ЦК на партијата и др. (сн. 3)

- Информација за положбата на Независните синдикати во Југославија: податоци за бројната состојба на синдикалното движење; преглед на печатот што се занимава со синдикалното движење; буџет на Независните синдикати; извод од месечниот биланс; предности на ГРСЈ во однос на НС. (сн. 11)

**ФОНД: 534**
**ОПИС: 7**
**ДЕЛО: 630**

**20.01.1925**

- Информација за состојбата во синдикалното движење на Југославија: спор меѓу ЦК на партијата и ЦРСОЈ; заминување од партијата на членови на синдикатите; причини за недоразбирањата меѓу фракционерскиот ЦК на КПЈ и ЦРСОЈ; платформа за договор. (сн. 13)

**31.03.1925**

- По повод обединувањето на синдикалното движење во Југославија: четири тенденции за обединување; предуслови и смерници за постигнување на оваа цел. (сн. 3)

**9.04.1925**

- Писма на активисти на ЦРСОЈ до Профинтерната: осуда на ликвидаторската политика на ЦК на КПЈ спрема црвените синдикати; барање да се покачи месечната субвенција; подготовки на синдикален конгрес. (сн. 3)

**9.11.1925**

- Информација до Секретаријатот на Профинтерната за состојбата на синдикалното движење во Југославија: подем на работничкото движење во 1920-1923 година; префрлување на внатрепартиската борба на синдикатите и паѓање на нивниот авторитет; кампања за обединување на синдикатите; услови за обединување на разните синдикални струи; борба за единство на синдикалното движење во Југославија. (сн. 7)

- Резолуција на Пленумот на ЦРСОЈ по прашањето на единството; задачите и карактерот на работничките синдикати; единство и демократија во движењето; свикување заеднички конгрес; формирање единствен борбен фронт за постигнување на целите на движењето. (сн. 5)

**28.05.1925**

- Комунике на ЦРСОЈ по прашањето на обединувањето на синдикатите: обединување на синдикатите како првостепен интерес на класната борба на пролетаријатот; против капитулација на независните синдикати и нивното зачленување во ГРСЈ. (сн. 2)

- Резолуција по прашањето на единството донесена на Пленумот на печатарите (графичките работници): за здраво единство на синдикалното движење и за начинот на достигнување на таа цел; написи во синдикалниот печат во врска со одржаниот Пленум. (сн. 4)

**ИНСТИТУТ МАРКСИЗМА-ЛЕНИНИЗМА ПРИ ЦК КПСС**
**- ЦЕНТРАЛЬНЫЙ ПАРТИЙНЫЙ АРХИВ**

**ИНСТИТУТ ЗА МАРКСИЗАМ-ЛЕНИНИЗАМ ПРИ ЦК на КПСС**
**- ЦЕНТРАЛЕН ПАРТИСКИ АРХИВ**

**ФОНД: КОМУНИСТИЧКАТА ИНТЕРНАЦИОНАЛА И**
**БАЛКАНСКАТА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**ЗА МАКЕДОНИЈА**

**МФ: 4446**
**ГОДИНИ: 1923-1939**
**СНИМКИ: 786**
**МЕТРИ: 32,35**
**ЈАЗИК:** руски, српскохрватски, словенечки,
германски, француски

**СОДРЖИНА**: Состојбата на Балканот низ документацијата на КИ и БКФ

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 3**
**ДЕЛО: 1382**

**29.01.1934**
**9.02.1934**
**30.04.1934**

- Преписка меѓу партиски активисти за положбата во Словенија, за теророт на властите, активностите на комунистите, беспарицата; за испраќањето материјална помош на затворениците во Митровица; за состојбата на затворениците во Митровица и нивното однесување. (сн. 19)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 3**
**ДЕЛО: 1383**

**2.02.1934**

- Повик на Црвената помош на Југославија за амнестија на политичките затвореници: состојбата во југословенските затвори за време на воено-фашистичката диктатура; положбата на политичките затвореници-жрвти на белиот терор; повик за формирање одбори за помош на политичките затвореници-борци за социјална и национална слобода. (сн. 2)

**3.02.1934**

- До иселениците од Југославија во САД: повик на Црвената помош на Југославија до југословенската емиграција за собирање помош за политичките осуденици. (сн. 2)

**4.03.1934**

- До сите организации, повереници и црвени помошници на ЦПЈ: кампања за спасување на политичките затвореници; привлекување на широките маси; кампања за амнестија на затворениците; проблемот на материјалното помагање на пол. затвореници и нивните семејства. (сн. 2)

**3.05.1934**

- До организациите на КПЈ во Македонија: упатства за организирање на ЦП во Македонија; создавање на Покраински комитет; поврзување со работничките синдикати, ВМРО (Об.) и револуционерните маси. (сн. 2)

**20.04.1934**

- Правилник на "Фондот за жртвите на Главњача": основан од економската и политичката емиграција од Југославија со цел да им помага на жртвите на белиот терор во Југославија. (сн. 1)

**3.05.1934**

- До сите организации, групи и повереници на ЦП: секција за придобивање ново членство; систематизирање на пресметката на ЦП; прослава на годишнината од смртта на Ѓ. Ѓаковиќ, акции за собирање помош за жртвите на белиот терор; солидарност со жртвите на фашизмот во Австрија; задачи на акциониот план. (сн. 2)

**21.08.1934**

- До сите организации и приврзаници на ЦП: за одбележувањето на 20-годишницата на Првата светска војна; кампања за ослободување на Телман; случајот на Ракочи; судењето на М. Пијаде и др. затвореници во Митровица. (сн. 2)

**28.10.1934**

- До словенечката јавност: за процесот на 31 млади луѓе осудени за комунистичка дејност. (сн. 1)

**10.11.1934**

- Марсејското убиство и крвавиот терор на воено-фашистичката дектатура во Југославија: убиството во Марсеј - расчистување на сметките меѓу фашистите и буржоазијата; користење на ова убиство за репресии врз револуционерните работници, селани и врз интелигенцијата. (сн. 2)

**3.12.1934**

- До сите обласни комитети и обласни иницијативни групи на МОПР: за прашањето на единствен фронт на работните маси во борба за заедничките интереси; задачите на МОПР; тешкотии и пречки во создавањето на единствен фронт; правила за создавањето на единствен фронт; за легалното настапување на ЦП при создавањето акционо единство; кои организации можат да се вклучат во единствениот фронт. (сн. 15)

**10.10.1934**

- До работниот народ и угнетените нации на сите земји на Југославија: проглас на КПЈ за создавање единствен фронт на работниците, селаните и сите противници на фашизмот за борба против фашизмот и теророт во цела Југославија. (сн. 2)

**6.08.1934**

- Акт на ЦПЈ за судењето на побунетите комунисти од т.н. "соба бр. 6" во Митровица на чело со Моша Пијаде, И. Милутиновиќ, Ѓ. Пуцар и др. (сн. 5)

**7.09.1934**

- Извештај за резултатите на движењето за иселување од Југославија: податоци за иселувањето во различни земји - Канада, САД, Јужна Америка, Австралија, Белгија, Франција; внатрешната состојба на движењето и критика на работата на раководството; Фондот за жртвите на Главњача; Интернационалниот комитет за амнестија на југословенските политички затвореници; меѓународна делегација во југословенските затвори; брошурата "Митровачка тамница"; акција на иселениците "Против Главњача". (сн. 5)

**21.03.1934**

- Проглас на Странското претставништво на ЦПЈ во врска со смртта на Петко Милетиќ во затворот во Митровица: положбата на затворениците во затворот; акции на ЦПЈ за ослободување на сите политички затвореници; револуционерна биографија на Петко Милетиќ. (сн. 6)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 3**

**ДЕЛО: 1384**

**4.03.1934**
**21.05.1934**
**4.07.1934**
**23.07.1934**

- Политички процеси според Законот за заштита на државата од јануари 1934 до јануари 1935 год.: судење на комунисти, хрватски усташи и национал-

револуционери, припадници на хрватската опозиција, словеначки националреволуционери, македонски револуционери и др. (сн. 13)

**2.06.1934**

- Преписка меѓу партиски активисти во врска со: организациони прашања во Србија, Хрватска, Војводина, Црна Гора, Далмација, Словенија; партиски активности: кампања за амнестија на затворениците; претстојни задачи; создавање нови бригади на ЦП и др. (сн. 12)

**7.07.1934**

- Работата на ЦП во Србија: собирање средства; помош на затворениците и нивните семејства; организирање одбрана на затворените другари и др. (сн. 2)

**4.09.1934**

- Преглед на состојбата на ЦПЈ од Светскиот конгрес на ИЦП во 1932 до 1.07.1934: положбата во моментот на конгресот; привременото раководство на ЦПЈ; работата меѓу економската емиграција од Југославија; финансиски извештај за периодот 1932-1934 год. (сн. 5)

**19.02.1935**

- Извештај на Државното обвинителство во Огулин за судењето на членови на комунистички групи. (сн. 9)

**23.05.1934**

- Во Митровица се коваат нови синџири за политичките затвореници-информација на известувач на ЦПЈ. (сн. 1)

- Извештај за работата на патронатите, клубовите и на одделни другари за потребите на ЦПЈ, КП, СКОЈ и др. потреби во 1934 година, податоци наЦО на Патронатот во Австралија и Нов Зеланд. (сн. 1)

**19.02.1935**

- Тужба на Управата на полицијата во Скопје против Коста Рацин и други комунисти поради комунистичка дејност. (сн. 11)

**21.01.1935**

- Образложение на обвинувањето за организирана комунистичка дејност на група лица (Огулински процес, 7.09.1934). (сн. 18)

**1.08.1935**

- Политички процеси и пресуди според Законот за заштита на државата од јануари до декември 1934 година. (сн. 18)

**11.02.1935**

- Податоци за физичко малтретирање на политички осуденици од страна на полициските и истражните органи во Дравска бановина.(сн. 3)

**10.08.1934**

- Извештај за судењето во Сремска Митровица на 26 комунисти на чело со Моша Пијаде (13.06.34) поради пеење во затворот на револуционерни песни. (сн. 4)

**10.08.1934**

- Список на затворениците тепани и малтретирани од стражарите. (сн. 6)

**27.08.1934**

- Податоци за затворениците и нивните најблиски роднини поради одредување помош. (сн. 4)

**27.08.1934**

- Список на затворениците преместени во Лепоглава. (сн. 4)

**3.04.1934**

- Писмо на затвореникот Чоловиќ со податоци за условите во затворот во Митровица и отпорот на затворениците - комунисти. (сн. 3)

**10.12.1934**

- Обвинителен акт против Н. Знидарчиќ, Г. Гамулин и В. Конте за подготовка, печатење и растурање на комунистички студентски билтен. (сн. 9)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 3**

**ДЕЛО: 1385**

**15.08.1934**

- "Против Главњаче" - гласило на движењето на иселениците од Југославија, бр. 2: за дејноста на иселениците преку секциите на ЦП; за поддршката на политичките затвореници; за теророт во затворите; за судењето на затворениците од с. бр. 6; статистика на жртвите на Главњача во 1933/34 год.; за работата на емигрантските здруженија во Канада, Австралија, Белгија; за акциите на ЦПЈ за помагање на жртвите на Главњача; за протестните кампањи во странство; проглас на француските јавни работници за создавање комитети за амнестија на политичките затвореници во Југославија; организација и работа на ИКАЈ; меѓународна истражна делегација во Југославија; правилник на Фондот за жртвите на Главњача; извештај за средствата што ги собрала емиграцијата за ЦПЈ во текот на 1934 год.; за Е. Телман; барање ослободување на Ракоши; белиот терор во Бугарија и во Романија. (сн. 30)

**1934**

- "Судење на бунтовниците од соба број 8 во Митровица": извештај на Е. Милхо, делегат на Меѓународното правничко здружение, за судењето на затворениците во Митровичкиот затвор. Извештајот е поднесен на јавното собрание во Париз на 11 јули 1934 година. (сн. 9)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 3**

**ДЕЛО: 1386**

**14.05.1935**

- Акт до Задграничното претставништво на ЦПЈ со приказ на содржината и недостатоците на билтенот "Против Главњача". (сн. 4)

- Биографии на комунистичките активисти со псевдоними Освалд, Херман и Пајо. (сн. 7)

- Преписка меѓу партиските активисти Омер и Алиќ со информации за затворскиот живот, односите со хрватските национал-револуционери и др. (сн. 2)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 3**
**ДЕЛО: 1387**

**2.03.1935**

- Записник од состанокот на Привременото раководство на ЦП во врска со некои тековни работи. (сн. 1)

**25.11.1935**

- Записник од состанокот на ЕМКОМ: извештај за работата на патронатите во емиграцијата; работата на администрацијата и потсекциите; работата на студентската група. (сн. 5)

**23.02.1935**

- Теророт против студентите и интелигенцијата во Југославија: извештај на секцијата на МОПР за Меѓународниот конгрес на студентите во Брисел. (сн. 3)

**1.06.1935**

- Податоци за положбата на политичките затвореници во Југославија: положбата во Лепоглава, Митровица, Зеничниот затвор, Мариборскиот затвор, во Пожаревац, Казнениот затвор во Скопје. (сн. 6)

**25.11.1935**

- Писмо на политичките осуденици до Управата на заводот во Лепоглава: известување дека ќе стапат во штрајк со глад поради незаконското и нехуманото однесување спрема нив, а со цел да се подобри нивната положба и однесувањето на стражарите. (сн. 4)

**5.05.1936**

- Извештај за активностите на Црвената помош во текот на 1935 година: организациони прашања; конференција на ЦП во ноември 1935 година: кампања за амнестија на затворениците; прашањето на финансиите; прашањето на емиграцијата од Југославија. (сн. 12)

**23.02.1936**

- Статистика на пресудите според Законот за заштита на државата во Југославија за 1935 година. (сн. 6)

**25.11.1935**

- Извештај за работата на патронатското здружување на клубовите и групите во Австралија и во Нов Зеланд во првото полугодие на 1935 година. (сн. 2)

**22.06.1935**

- Статистика на процесите на политичките осуденици според Законот за заштита на државата за време на воено-фашистичката диктатура во Југославија од 1929 до 1934 год. (сн. 1)

- Директиви за испраќање меѓународна делегација во Југославија: цел на делегацијата; состав и план за работа на делегацијата; план за работа на комитетите за амнестија. (сн. 5)

**3.03.1935**
**29.05.1935**

- Писма до ПК на КПЈ за Хрватска и Словенија со податоци за партиски активности и за активности на партиските активисти во затворите. (сн. 4)

**10.05.1935**

- Извештај за работата на ЦП пред и по провалата во Војводина. (сн. 1)

**31.08.1935**

**10.05.1935**

- Партиска преписка со шифрирани пораки, податоци за бројот на членовите, приходите и расходите и сл. (сн. 3)

**11.06.1936**

- ЦПЈ до Комитетот за патронатско движење во Канада: извештај за добиените средства употребени како помош на жртвите на белиот терор во Југославија. (сн. 1)

**ФОНД: 539**

**ОПИС: 3**

**ДЕЛО: 1388**

**31.08.1935**

- Обвинителен акт на Државното обвинителство во Загреб против група од 8 комунистички активисти за здружување заради пропаганда на комунизмот. (сн. 7)

**23.07.1935**

- Предмет во врска со судењето на 8 комунистички активисти обвинети за растурање летоци на ЦП со парола "за ослободување и амнестија на сите политички и воени осуденици". (сн. 12)

**31.08.1935**

- Прилог кон револуционерната биографија на Саксида, извештај од затворот. (сн. 1)

**25.07.1935**

- Резолуција прифатена на заедничкиот собир на политичките осуденици во Лепоглава за организиран и единствен настап пред режимот. (сн. 2)

**11.06.1936**

- Акт на Казнениот завод во Сремска Митровица со извештај дека целокупната работа на управата и нејзините органи се базира врз законските прописи. (сн. 1)

**7.02.1936**

- Изрази на солидарност на Земската конференција на "Народна заштита" до политичките осуденици во Бугарија и до ИК на Меѓународната црвена помош. (сн. 1)

**2.01.1936**

- Делегација на Меѓународниот комитет за амнестија на политичките затвореници во Југославија: составот на затворениците во Лепоглава-комунисти, хрватски и македонски национално-революционери; односот спрема затворениците; протести на затворениците и штрајкови со глад; умирање на затворениците; барања на политичките затвореници. (сн. 6)

**21.03.1935**

- Извештај за положбата во Југославија: лошо однесување спрема политичките затвореници кои се третираат како злосторници; ужасен терор врз интелигенцијата; продолжување на казните; апел за меѓународна солидарност и помош во борбата против фашизмот. (сн. 2)

**ФОНД: 539**
**ОПИС: 3**
**ДЕЛО: 1389**

**јануари 1935**

- "Против Главњаче", гласило на југословенските иселеници во Аргентина, бр. 1: за капиталистичката криза во полуколонијална Аргентина; за пактот Лавел-Мусолини-Саре, единствениот фронт на буржоазијата против СССР; упатства за организирање на работниците во фабриките; за теророт на воено-фашистичката диктатура во Југославија по марсејскиот атентат; за

ширењето на движењето за амнестија; за работата на патронатите во странство; попис на најважните затвори и казнени заводи во Југославија; положбата на затворениците; статистички податоци за бројот на пресудите според Законот за заштита на државата во 1933 год.; податоци за средствата што ги примила КПЈ од емиграцијата за жртвите на теророт во Југославија. (сн. 21)

**1.02.1935**

